Драги Душко, твоето писмо од 4 овој месец го добив, многу ти благодарам што така опширно ми ги излагаш работите.



**Писмо од Драган Богдановски до Душко- Витшје, 16 февруари 1990 год,**

Среда, 20 Февруари 2013 05:00

Витшје, 16 февруари 1990 год.

Драги Душко ,

Твоето писмо од 4 о. м. го добив, многу ти благодарам што така о
рно ми ги излагаш работите.Јас знам дека ти си искрен и дека иск
мислиш за иднината на Македонија. Но јас сметам дека сеуште не д
времето за моето враќање дома во Македонија.

Како прво јас сум песемист, не верувам во демократизирање на Ј
славија, јес верувам од сегашната "демократизација" ќе се изведе
[redacted] некоја уште поголема и покрвничка диктатура.

Новоосновааните партии кај нас се уште не се регистрирани т.е.
лизирани. Топрвин треба да се изгласа закон за нивна регистрациј
Јас не верувам дека комунистите без борба ке се откажат од власт

Се додека Службата за државна безбедност како полиција на кому
стичката партија не биде распуштена нема да може да се зборува з
некаква демократизација на политичкиот живот во Југославија.

Јас ќе се вратам во Македонија кога ќе се распушти Службата за
жавна безбедсност и кога новите партии со закон ќе бидат легализ
ни.

Како ја пратам работата однадвор, и во новите партии во СРМ ј
словенскиот врховизам свиткува гнездо, тие од самиот свој почето
стануваат југословенски партии. Затоа нашата Демократска партија
македонско национално единство иако нелегална иако надворешна ке
чиста илинденска партија си го има своето место во историјата на
донија, во политичкиот живот на македонската нација.

За книгата моја за која велиш дека не требало да ја објавам
можам да ти кажам дека од објавувањето на таа книга можат да се
само оние кои го направија злосторот спрема мене. Јас бев должен
стината за моето киднапирање да ја кажам пред македонската јавно
пред македонската историја.

Епа драги Душко остани ми со здравје. Прими срдечни братски
здрави и поздрави сите мои пријатели ако сретнеш некого од нив.

Твој

Драган Богданов...